**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број:02-924/1
Датум: 12.5.2015 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 153 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 24/13, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015 и 20/2015) и член 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје во состав на Универзитетот „*Св. Кирил и Методиј*" во Скопје, Наставно-научниот совет, на седницата одржана на 22.4.2015 година, ги донесе следниве

# П Р А В И Л А

за студирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје

**Член 1**

Со овие Правила за студирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје (во натамошниот текст: Факултетот) се уредуваат условите и начинот на запишување на Факултетот, запишувањето на наставни предмети (во натамошниот текст: предмети) по семестри, начинот на избор на предмети, условите за активирање на предмети, организацијата и изведувањето на студиите, академскиот календар, испитниот режим, условите за премин од една на друга студиска програма, напредувањето и наградувањето на студентите, студентска практика, клиничката настава, завршувањето на образованието, продолжувањето на студиите по прекинувањето, паралелното студирање, признавањето на испитите положени на различни високообразовни установи, мирувањето на обврските на студентот, престанокот и обновувањето на статусот студент, постапката за заштитата на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучувањето и други правила поврзани со правата и должностите на студентите.

## I. ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ

**Член 2**

Право на упис во прва година на студиските програми на Факултетот, кандидатот стекнува согласно со условите и критериумите утврдени во конкурсот за запишување студенти во прва година на прв, втор и трет циклус студии што го објавува Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје.

**Член 3**

Статус на студент, а со тоа и член на акедемската заедница се стекнува со запишувањето на прв, втор и трет циклус студии на Факултетот, односно на Универзитетот.

Статусот на студентот се докажува со индекс.

**Член 4**

На Факултетот, студентот на прв циклус студии може да се запише како редовен студент: во државна квота, со партиципација на студиите и како студент со кофинансирање на студиите.

Странските државјани можат да се запишуваат на студиските програми на македонски или на англиски јазик ако се акредитирани за англиски јазик.

Странските државјани и лицата без македонско државјанство имаат право на упис на студии според условите утврдени со Конкурсот за запишување студенти во прва година што го објавува Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Износот за студирање што го плаќаат лицата од став 1 и став 2 се објавува во Конкурсот.

Студентот од овој член доколку ги прекине студиите, се испише или по кој било основ му престане статусот студент, нема право на враќање на уплатениот износ.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА

**Член 5**

Наставата по одреден предмет се изведува во рамките на еден семестар.

Студентот во секој семестар запишува одреден број на предмети што носат кредити утврдени со студиската програма. Запишаните предмети се внесуваат во индексот.

Бројот на кредитите по семестар, по правило, изнесува 30 кредити.

Минималниот број на запишани кредити во семестар, на прв циклус студии изнесува 21, а на втор циклус изнесува 18 кредити.

Студентот во еден семестар може да запише најмногу 35 кредити.

На особено успешен студент (со просечен успех од најмалку 8,5) може да му се дозволи запишување на 35 до 40 ЕКТС-кредити со цел побрзо завршување на студиите или пошироко образование.

За остварување на правото од став 6 на овој член, студентот поднесува барање до продеканот за настава.

**Член 6**

Запишувањето на предметите во семестарот се врши во рокови определени во академскиот календар, а за условите и роковите за запишување на семестарот, Службата за студентски прашања објавува посебно соопштение на веб - страницата на Факултетот и студентската огласна табла.

**Член 7**

Ангажираноста на студентот во текот на семестарот изнесува 20 седмици.

Предавањата, вежбите, парцијалните испити и другите наставни активности се изведуваат во рамките на семестарот (зимски/летен), по правило во 15 недели. Студиските програми од првиот циклус студии содржат најмногу 30 часа предавања и вежби неделно.

Пет седмици се предвидени за подготовка и полагање на испитите.

## III. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАР

**Член 8**

Студентот напредува во текот на студирањето според бројот на освоените кредити.

**Член 9**

Студентот стекнува право на запишување нареден семестар ако до рокот на запишувањето ги извршил обврските согласно со правилата на студиската програма и ги ислушал, односно ги положил испитите од предметите утврдени со студиската програма.

Студентот може да запише предмети од наредниот семестар, во согласност со предусловите за соодветната предметна програма.

Студентот е должен да го запише семестарот по електронски пат и задолжително да поднесе писмена пријава во Службата за студентски прашања во роковите предвидени за запишување на семестар.

Детално соопштение за запишување семестар Факултетот објавува 3 седмици пред терминот за запишување на семестарот, утврден во академскиот календар.

**Член 10**

Студентот кој не го запишал семестарот во предвидениот рок, тоа може да го стори во дополнителни термини што ќе бидат објавени во соопштението од став 4 на член 9.

Во исклучителни случаи, студенот може да запише семестар и подоцна од овој рок. На образложено барање од студентот, решение за прифаќање или одбивање на задоцнетото запишување на семестарот донесува продеканот за настава.

**Член 11**

При запишување на семестарот, студентот најпрво ги запишува неположените задолжителни и изборни предмети од претходниот соодветен семестар (зимски/летен), а потоа задолжителните предмети од тековниот семестар и на крај, изборните предмети од тековниот семестар, но на тој начин што неговите вкупни обврски да не надминуваат 35 кредити.

Во зимскиот семестар се запишуваат предмети што се утврдени во студиските програми за зимскиот семестар.

Во летниот семестар се запишуваат предмети што се утврдени во студиските програми за летниот семестар.

**Член 12**

При запишувањето на предметите потребно е да се исполнат условите утврдени со студиските програми.

При повторно запишување на неположен изборен предмет, студентот има право да го замени изборниот предмет со друг предмет од предметите што се активирани во соодветниот семестар.

**Член 13**

Припадноста кон одредена студиска година се определува врз основа на кредитите што студентот ги освоил, сметајќи дека просечната оптовареност во текот на една учебна година изнесува 60 кредити, односно просечната оптовареност во текот на еден семестар изнесува 30 кредити.

Студент се смета дека е запишан во II студиска година доколку има освоено најмалку 30 кредити, во III студиска година, доколку има освоено најмалку 80 кредити и во IV студиска година, доколку има освоено најмалку 150 кредити.

**Член 14**

Студентот запишан во државна квота, со партиципација на студиите, заклучно со учебната 2012/2013 година преминува во квота со кофинансирање ако запише еден предмет по трет пат.

Студентот запишан во државна квота, со партиципација на студиите, сметано од учебната 2013/2014 година преминува во квота со кофинансирање ако запише еден предмет по трет пат, или ако не положил најмалку 50% од запишаните кредити во одреден семестар до почетокот на наредниот соодветен семестар (зимски, односно летен).

**Член 15**

Доколку во текот на студирањето дојде до промена на студиската програма, студентот што студирал според некоја од претходните програми и го нема завршено студирањето во роковите утврдени со тие програми, го продолжува студирањето согласно со условите за премин на новите програми утврдени со студиската програма, односно со овие Правила.

## IV. УСЛОВИ ЗА АКТИВИРАЊЕ НА СТУДИСКА ПРОГРАМА

**Член 16**

Студентот ја избира студиската програма на сите три циклуси студии при уписот во прва година.

Студентот може да ја смени студиската програма од прв циклус студии во текот на студирањето согласно со условите утврдени со овие Правила.

**Член 17**

Наставно-научниот совет одлучува кои студиски програми ќе се активираат во една учебна година.

При донесувањето на одлуката за активирање на одредена студиска програма, Наставно-научниот совет води грижа за кадровските и просторните можности на Факултетот, интересот за запишување на нови студенти и сл.

## V. ПРАВИЛА ЗА АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ

**Член 18**

Листата на изборни предмети на Факултетот што се активираат во даден семестар ја утврдува Деканатската управа на предлог од институтите што се одговорни за изведување на наставата од предметот што не се активира.

Изборен предмет од листата на понудените изборни предмети се активира ако го избрале најмалку 6 студенти.

Изборните предмети од став 2 на овој член изнесуваат 30% од вкупниот број на предмети.

Од Универзитетската листа на изборни предмети, студентот избира 10% од вкупниот број на предмети.

**Член 19**

Студентот ги избира предметите од член 18 преку системот IKnow.

По потврдувањето од Факултетот дека предлогот му е прифатен, студентот ги впишува предметите во индекс.

За студентите кои не се вклучени во системот IKnow, предметите се бираат од друга електронска база.

**Член 20**

Еден изборен предмет може да го изберат најмногу 60 студенти.

Во изборните предмети од став 1 на овој член не влегуваат изборно задолжителните предмети.

Ако еден предмет е избран од повеќе од 60 студенти, системот Iknow нема да го дозволи запишувањето на предметот, при што студентот избира друг предмет.

Принципот за прифаќање на изборниот предмет е прв пријавен, прв услужен студент.

## V. НАЧИН НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА

**Член 21**

Наставата се изведува преку:

- предавања,
- вежби (аудиториски и лабораториски),
- консултации,
- семинарски работи, домашни задачи, проекти, практика, теренска настава, клиничка настава, курсеви и сл.

**Член 22**

Предавањата претставуваат вид на настава со која се реализира предметната програма и студентот стекнува теоретски знаења кои му овозможуваат следење на практичната настава (вежби). Со предавањата се обезбедува синтетизиран преглед на содржините од предметната програма. Во текот на предавањата, на студентите можат да им бидат презентирани и дополнителни содржини и најнови сознанија од областа

кои се во функција на совладување на делови од предметната програма. За овие содржини, на студентот му се обезбедуваат соодветни дополнителни материјали.

Предавањата од став 1 на овој член ги изведуваат наставници избрани во Наставно-научно звање.

Наставниците се должни предавањата да ги реализираат согласно со предметната програма која е дел од студиската програма.

Дел од предавањата (до 10%) може да се изведуваат преку клиничка настава од страна на истакнат стручњак од практиката од соодветната област.

Изборот на истакнатиот стручњак од практиката го врши наставно-научниот совет на предлог од комисија што ја формира за да го спроведе процесот на евалуација на кандидатот/ите.

Во наставно-образовниот процес, според посебна програма се вклучени и визитинг - професори од странство.

**Член 23**

Наставата може да се одвива и во виртуелно окружување за учење и подучување (е-учење). На Факултетот се применува мешан облик на е-учење. Таквиот пристап се темели на комбинација на класичниот облик на настава со настава која се одвива во виртуелно окружување со користење на технологија за е-учење.

Обемот на е-учење го определува Деканатската управа кога ја усвојува обезбеденоста на наставата за соодветниот семестар.

Начинот на изведување на настава со е-учење се определува со посебна одлука која ја донесува Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Член 24**

Вежбите претставуваат дел од наставно-образовниот процес во кој студентите совладуваат практични искуства во согласност со предавањата од предметната програма.

На аудиториските вежби се разработуваат примери од материјалот содржан во предметните програми за кои се одржани предавањата.

На лабораториските вежби студентот се запознава со методите на лабораториските истражувања и мерења, како и се стекнува со практични знаења за работа во лабораторија (програмирање, проектирање, мерења, испитувања и сл.). Дел од вежбите можат да се извршуваат и во лаборатории надвор од Факултетот, по претходно одбрување од продеканот за настава.

Лицето ангажирано да ги изведува вежбите е должно на студентот активно да му објасни, нагледно да му помага и да работи со него во текот на изведувањето на вежбите.

Аудиториските вежби можат да ги изведуваат и наставници.

Наставниците ангажирани за изведување на наставата по даден предмет се одговорни за подготовката на вежбите.

**Член 25**

Консултациите претставуваат дел од наставно-образовниот процес со што на студентот му се овозможува да се разјаснат одредени делови од предметните програми преку непосреден контакт со наставниците и соработниците заради полесно совладување на содржините од предметната програма.

**Член 26**

Секој наставник и соработник е должен да одржува консултации со студентите четири часа седмично.

Терминот за одржување на консултации се објавува на почетокот на учебната година на веб - страницата на Факултетот.

Отсуството во терминот за консултациите, наставникот го најавува.

**Член 27**

Семинарските работи и домашните задачи студентот ги изработува како самостојни трудови со користење на литература предложена од наставникот.

Проектните задачи студентот ги изработува како индивидуална зададена задача или групна задача на неколку студенти.

Теренската настава се изведува кога тоа е предвидено во предметната програма.
Теренската настава се реализира со посебно упатство што го донесува деканот.

**Член 28**

Распоредот на наставата го усвојува Деканатската управа и се објавува пред почетокот на семестарот на веб - страницата на Факултетот.

Врз основа на универзитетскиот календар, Наставно-научниот совет донесува Академски календар за наредната академска година и го објавува на веб - страницата на Факултетот, најмалку 3 месеци пред почетокот на наредната академска година.

## VII. ИЗОСТАНОЦИ НА СТУДЕНТИТЕ ОД НАСТАВА

**Член 29**

Студентите се должни да ги посетуваат сите облици на настава утврдени со предметната програма, за што се добиваат соодветен број бодови. Евиденцијата за присуство и за активности на час се изразува во бодови како што е предвидено со предметната програма.

На студент кој оправдано изостанал од кој било дел од наставата може да му се овозможи да го надомести, до минимумот потребни бодови за добивање потпис по соодветниот предмет.

Надоместувањето од став 2 на овој член се овозможува доколку изостанокот не бил подолг од еден месец и доколку постојат оправдани причини за тоа.

Студентот е должен да достави молба за надоместување на изостанокот и соодветна документација за докажување на оправданоста. Надоместувањето се одобрува од страна на продеканот за настава на Факултетот.

## VIII. ЗАВЕРКА НА СЕМЕСТАР

**Член 30**

Студентот заверува семестар ако има добиено потписи од предметните наставници, со што се потврдува неговото исполнување на предвидените наставни обврски.

Студентот кој не ги извршил обврските пропишани со студиската програма од одредена предметна програма и не добил потпис, не може да пристапи на испит.

Заверката на семестарот се врши во термини што ги објавува Службата за студентски прашања на Факултетот.

## IX. НАЧИН НА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊАТА

**Член 31**

Проверката на знаењата на студентите се врши континуирано, во текот на наставно-образовниот процес за сите предмети што студентот ги запишал. Остварените резултати се изразуваат во поени.

Проверката на стекнатите знаења се врши преку испити (по делови или целина).

Континуираната проверка на знаењата може да се врши и преку:

-тестови,
-домашни задачи,
-проектни задачи,
-изработка на лабораториски вежби,
-семинарски работи и др.

Со студиските програми се дефинираат формите за континуирана проверка на знаења за секој предмет.

**Член 32**

Студентот има право да го полага предметот ако ги исполнил сите пропишани обврски со соодветната предметна програма во рамките на есенскиот, зимскиот и летниот испитен рок.

Периодот и траењето на испитниот рок се определуваат со академски календар за секоја учебна година.

Распоредот на испитите е задолжителен за студентите и за предметните наставници и соработници. Во исклучителни ситуации, за одредени предмети може да се организира дополнителен термин за полагање. Одлука за организирање на дополнителен термин носи Деканатската управа по барање на студентите.

**Член 33**

Испитите се спроведуваат според процедура утврдена со стандардот ISO 9001:2008.

Процедурата од став 1 на овој член се објавува на веб - страницата на Факултетот.

**Член 34**

Испитите се организираат непосредно по завршувањето на блок-наставни содржини, односно преку колоквиуми и по завршувањето на семестарот преку завршен испит.

Завршните испити, по правило, се држат во еден дел. Доколку испитот е писмен може да трае најмалку два, а најмногу четири школски часа.

Резултатите од писмениот испит изразени во бодови се објавуваат во рок од 7 дена од денот на полагање на испитот. Овој рок може да биде и подолг доколку постојат оправдани причини што ги цени продеканот за настава.

При објавувањето на резултатите од став 2 на овој член се истакнува бројот на индексот од студентот и освоените бодови (оценка-да се брише).

Студентот има право на увид во испитната документација во термините што ќе бидат објавени, но не подолго од 5 (пет) дена од објавувањето на резултатите од став 3 на овој член.

По истекот на рокот за увид во испитната документација, наставникот објавува конечни резултати од писмениот испит со оценки.

**Член 35**

Колоквиумите се полагаат во рамките на колоквиумските недели, и тоа во зимскиот и летниот семестар. Факултетот организира две колоквиумски недели во текот на еден семестар согласно со академскиот календар.

**Член 36**

Тестовите, како форма на проверка на знаењата, можат да се спроведуваат и без претходна најава и траат најмногу еден школски час.

**Член 37**

Испитите и резултатите од нив се јавни. Право на увид во испитната документација има лице кое ќе докаже правен интерес.

**Член 38**

Студентот има право да го полага испитот по еден наставен предмет најмногу три пати, од кои третиот пат може да побара да го полага пред комисија.

Студентот треба да го положи предметот од даден семестар до повторното запишување на семестарот во кој се слуша соодветниот предмет.

Ако студентот не го положи испитот до рокот од став 2 на овој член, тој повторно го запишува предметот ако е задолжителен. Ако предметот што студентот не го положил до рокот од став 2 на овој член е изборен, тој има право да го презапише истиот изборен предмет или да запише друг изборен предмет.

**Член 39**

Кога студентот бара да полага пред комисија, деканот донесува решение со кое формира комисија од три члена составена од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје.

Студентот кој два пати бил оценет со оценката 5 има право да побара од деканот на Факултетот да полага пред комисија.

Предметниот наставник кај кого студентот полагал не е член на комисијата од став 1 на овој член.

***Приговор заради оценка од проверка на знаењето***

**Член 40**

Студентот кој не е задоволен од завршното оценување, или ако смета дека испитот не е спроведен согласно со закон или актите на Универзитетот и Факултетот, може во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите да поднесе приговор до деканот.

Деканот му се обраќа на предметниот наставник да ја преиспита оценката, а предметниот наставник е должен во рок од 48 часа од добивањето на известувањето од деканот да ја преиспита оценката. Ако наставникот не ја преиспита, или ако во писмена форма не ја потврди оценката со која го оценил студентот, во тој случај студентот го полага испитот пред трочлена комисија што ја формира деканот на Факултетот, во наредниот работен ден.

Предметниот наставник кај кого студентот полагал не е член на комисијата од став 2 на овој член. Комисијата одлучува со мнозинство гласови.

**Член 41**

На писмено барање од студентот може да се овозможи да се повтори завршното оценување за повисока оценка по предмет во рок од најмногу четири месеци од полагањето.

*Оценката добиена на повтореното завршно оценување е конечна и студентот нема право да го повтори завршното оценување.*

***Конфликт на интереси***

**Член 42**

Во случаи кога предметниот наставник и студентот се во роднинска врска: син, ќерка, снаа, зет, брат, сестра, сопруг или сопруга, наставникот е должен да се изземе при проверка на знаењата и за тоа да го извести деканот.

Деканот донесува решение со кое спроведувањето на проверката на знаењата го доверува на друг наставник избран во иста или сродна наставно-научна област, или на посебна компетентна испитна комисија, составена од три члена.

***Пренесување на надлежности за спроведување на испити***

**Член 43**

Во случај на подолга спреченост на предметниот наставник, деканот може да му ги пренесе надлежностите за одржување на испитите по конкретниот предмет на друг наставник избран на иста или сродна наставно-научна област или на комисија.

## X. ДИПЛОМСКИ ТРУД

**Член 44**

Студентот избира и брани дипломски труд од предмет што го има положено.

Ментор на дипломски труд може да биде само наставник што изведува настава по предметот од кој е пријавен дипломскиот труд.

Менторот може да биде само наставник избран на Факултетот.

**Член 45**

Во текот на една учебна година кај еден наставник може да се пријават најмногу 10 дипломски труда.

Доколку постојат оправдани причини кај еден наставник да се пријават повеќе од 10 дипломски труда, продеканот за настава дава согласност на барањата од студентите кои сакаат да пријават дипломски труд кај наставник што веќе е ментор на 10 дипломски труда.

Дипломскиот труд, по правило, се предлага од страна на предметниот наставник во договор со студентот.

**Член 46**

Студентот може да го пријави дипломскиот труд по освојувањето најмалку 200 кредити. Во пријавата на дипломскиот труд, студентот ги бира менторот, предметот и темата.

Дипломскиот труд се пријавува според процедура и обрасци утврдени со стандардот ISO 9001-2008.

Процедурата и обрасците од став 2 на овој член се објавуваат на веб - страницата на Факултетот.

Одбраната на дипломскиот труд се спроведува откако студентот ќе ги полжи сите предмети што ги запишал и ќе ги исполни условите и преземените обврски согласно со студиската програма.

При одобрување на темата, продеканот за настава, по овластување од деканот, а на предлог од менторот, назначува комисија за оцена и одбрана на дипломскиот труд.

**Член 47**

Комисијата од член 46 се состои од три члена.

Менторот е прв член на комисијата. Членови на комисијата се наставници од наставно-научната област/поле од кое е пријавена темата. Комисијата за член може да има и еден соработник од наставно-научната област/полето од кое е пријавена темата.

Во состав на комисијата може да има и најмногу еден афирмиран стручњак од практиката, од наставно-научната област/поле од кое е пријавена темата, во случај кога таа се изработува надвор од Факултетот, како четврти член на комисијата, без право на оценување.

**Член 48**

Менторот, во договор со студентот, ги определува датумот и местото на одбрана на дипломскиот труд.

Јавната одбрана на дипломскиот труд е пред комисијата од член 46 која мора да е во полн состав.

Комисијата од став 2 на овој член, по завршувањето на одбраната на дипломскиот труд, дава оценка од 5 до 10, при што оценката 5 значи дека дипломскиот труд не е одбранет.

За одбраната на дипломскиот труд се пополнува записник што го потпишуваат сите членови на комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови. Доколку еден од членовите на комисијата има спротивно мислење, тој е должен издвоеното мислење во форма на извештај да го достави до деканот на Факултетот.

Пријавата од член 46 и записникот од став 4 од овој член се приложуваат во досието на студентот.

## XI. МАГИСТЕРСКИ ТРУД

**Член 49**

Постапката за пријавување, оцена и одбрана на магистерските трудови е регулирана со Статутот на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје (член 225-233) и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии (Универзитетски гласник бр. 254/2013), како и со одлука на Факултетот за организирање на втор циклус студии.

При пријавувањето на темата за изработка на магистерски труд, како и пред поднесувањето на изработениот магистерски труд за оцена и за одбрана се применуваат процедури и обрасци утврдени со стандардот ISO 9001:2008.

## XII. МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ И ПРИЗНАВАЊЕ НА КРЕДИТИ

**Член 50**

Студент запишан на некоја од студиските програми може под одредени услови да премине на друга студиска програма на Факултетот.

Преминувањето од став 1 на овој член се врши под услови утврдени со студиската програма на којашто се преминува, како и со овие Правила.

На студентот кој бара преминување на друга студиска програма може да му се утврдат дополнителни обврски за надминување на разликите во студиските програми, односно да ги исполни обврските по предметите и да ги положи испитите за да може да продолжи со студиите.

Промената на студиската програма од став 1 на овој член може да се направи само пред почетокот на учебната година, врз основа на Одлука за квотите за премин од една во друга студиска програма што ја донесува Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Член 51**

Студенти од студиски програми од други високообразовни установи од земјата и од странство можат да преминат на студиски програми од прв, втор или трет циклус студии на Факултетот, под услови утврдени со студиската програма на која преминуваат, ако постои совпаѓање на студиските програми за стекнување на стручниот, односно академскиот назив утврден во студиската програма на која се преминува.

На студентот кој бара преминување може да му се утврдат дополнителни обврски за надминување на разликите во студиските програми, односно да ги исполни обврските по предметите и да ги положи испитите за да може да продолжи со студиите.

Преминувањето на студиски програми од прв и втор циклус студии може да се дозволи доколку студентот на Факултетот треба да реализира најмалку 60% од предвидените кредити во студиската програма. Во спротивно, доколку студентот е согласен, тој е должен да презапише и веќе признаени или дополнителни предмети.

На студент кој сака да премине на трет циклус студии може да му се признаат најмногу до 60% од предвидените кредити во првата студиска година. Во признаените кредити не се засметуваат евентуално стекнатите кредити со реализирана истражувачка работа, семинар, конференција и сл.

**Член 52**

Покрај другите услови, студентот кој сака да премине од една на друга студиска програма треба:

1. да ги исполнува условите за редовен упис во нареден семестар на матичниот факултет;
2. да има решение од надлежен орган во Република Македонија за признавање на стекнати високообразовни квалификации во странство (за студенти од странство) со еквиваленција за оценките;
3. да знае македонски јазик (за странски државјани).

**Член 53**

Бројот на студенти кои можат да преминат на други студиски програми го утврдува Деканатската управа, односно Советот на студиската програма за трет циклус студии, пред почетокот на секоја учебна година, во зависност од нормативите и стандардите, како и пополнетоста на капацитетите.

Студенти кои се странски државјани стекнуваат право на премин под истите услови како и македонските државјани врз основа на посебните квоти за странски државјани.

**Член 54**

Ако повеќе кандидати ги исполнуваат условите за преминување од утврдениот број, предност имаат кандидатите кои имаат остварен повисок просечен успех на факултетот, односно на универзитетот од каде што доаѓаат.

Бројот на студентите што можат да преминат од други високообразовни установи е ограничен за секоја студиска програма одделно, за што одлучува Наставно-научниот совет.

Студентите од став 1 на оваа точка поднесуваат барање и прилози (документи) кон барањето што ги издава установата на која претходно биле запишани.

**Член 55**

Решение за преминување на студент на прв и втор циклус студии од друг факултет донесува деканот.

Со решението од став 1 на овој член се утврдува кои предмети се еквивалентирани и признати како положени и со колку кредити.

Решението за премин на трет циклус студии го донесува Советот на студиската програма, а го потпишуваат раководителот на студиската програма и деканот.

**Член 56**

Решението од член 55 се донесува врз основа на барање од студентот, поткрепено со потребните документи.

Кон барањето од став 1 на овој член, студентот ги приложува следниве документи:

- индекс на увид и копија;
- уверение за положени испити со: назив на предметот, фонд на часови-настава, вежби: аудиториски, лабараториски и сл., оценка, број на кредити, статус на предметот (задолжителен/изборен);
- потврда од факултетот дека студентот ги исполнува условите за запишување во повисок семестар во учебната година;
- фотокопија од лична карта, односно патна исправа.

Странските студенти, покрај оригиналната документација од претходните алинеи, поднесуваат и заверен превод на студиската програма со предметните програми, како и решение од надлежен орган во Република Македонија за признавање на стекнати високообразовни квалификации во странство (за студенти од странство) со еквиваленција за оценките.

Деканот може да формира комисија за утврдување на исполнетоста на условите за преминувањето на студентот на Факултетот.

**Член 57**

Студентите имаат право дел од своите студии да поминат на други странски универзитети согласно со меѓууниверзитетски договори или во рамките на меѓународни програми за размена.

Мобилноста на студентите од став 1 на овој член се реализира преку координаторот за ЕКТС на Факултетот.

Кредитите што студентот ќе ги освои на странски универзитети се признаваат на ист начин како премин од друга студиска програма.

***Признавање на кредити од воннаставни активности***

**Член 58**

На студентот можат да му се признаат и кредити од посетувани курсеви и семинари организирани од страна на Факултетот или други високообразовни институции од земјата или од странство.

Максималниот број на кредити што еден студент може да ги освои по овој основ се 6.

Студентот кој посетувал курсеви или семинари од став 1 на овој член го приложува во студентското досие оригиналниот сертификат за нивно успешно завршување и освоени кредити.

***Паралелно студирање***

**Член 59**

Студентот може да студира паралелно на прв циклус студии на две студиски програми во рамките на Факултетот или на други високообразовни установи во земјата.

Студентот од став 1 на овој член поднесува барање до деканот да му се овозможи паралелно студирање на друга студиска програма на Факултетот ако ги

извршил сите наставни обврски од прва година, односно од претходните студиски години.

Студентот е ослободен од плаќање на трошоците за студирање на втората студиска програма на која ќе биде запишан ако на првата студиска програма успешно ја има завршено првата академска година и ја завршува секоја наредна академска година со просек на оценките над 9.

На дадена студиска програма, максималниот број на студенти кои паралелно студираат е десет студенти.

***Студент-гостин***

**Член 60**

На Факултетот можат да студираат и студенти-гости од други универзитети од земјата и од странство.

Студентот-гостин запишува предметни програми на една од студиските програми на Факултетот најмногу 30 кредити по семестар.

Статусот на студент-гостин може да трае најмногу два семестра.

Студентот-гостин ги има истите права и обврски како и студентите што студираат на Факултетот.

## XIII. МИРУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА СТУДЕНТОТ

**Член 61**

На студентот, по негово барање, му мируваат обврските:

- за време на бременост;
- на студент со дете до 1 (една) година старост;
- за време на болест подолга од 1 ( еден) семестар;
- поради семејни причини;
- за време на меѓународна размена на студентите во траење подолго од 30 дена во текот на одржување на наставата, доколку со наведената размена не се стекнуваат ЕКТС - кредити;
- за време на подготовка и настапи на спортски настани кога има статус на член на репрезентацијата на Република Македонија;
- неможност за исполнување на финансиските обврски;
- во други случаи за чија оправданост одлучува деканот, односно, по негово овластување, продеканот за настава.

Мирувањето на обврските од ставот 1 од овој член, на писмено барање од студентот, поткрепено со соодветна документација го одобрува деканот или, по негово овластување, продеканот за настава.

Доколку за време на мирувањето на обврските настанат измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма и е должен да ги исполни обврските кои претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.

За време на мирувањето на обврските, студентот може да полага испити ако за полагањето на тие испити ги исполнил условите.

Студентот е должен да го активира студирањето во рок од 15 дена по истекување на настапување на причините за мирување со поднесување на известување и запишување на семестар.

Доколку студентот не го активира мирувањето и не запише семестар, му престанува статусот студент.

За времетраењето на мирувањето на обврските, студентот не се задолжува со финансиски обврски доколку ги има измирено заостанатите финансиски обврски.

## XIV. ПРЕКИН И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ

**Член 62**

Се смета дека студентот ги прекинал студиите доколку не запише семестар, заклучно до почетокот на наредниот семестар, иако ги исполнил условите.

Доколку за време на прекинот на студиите се измени студиската програма, студентот е должен да ги ислуша, да ги исполни и да ги полага разликите во наставните програми во изменетата студиска програма.

За времетраењето на прекинот на студиите, студентот не плаќа партиципација, односно кофинансирање.

Студентот ги продолжува студиите со поднесување на трошоците за студирање (кофинансирање) доколку прекинот трае 3 и повеќе последователни семестри.

## XV. ПРЕСТАНОК И ОБНОВУВАЊЕ НА СТАТУСОТ СТУДЕНТ

**Член 63**

На студентот му престанува статусот на студент, ако:

- дипломира;
- се испише;
- не запише семестар, а притоа не побарал мирување, или по истекот на периодот на мирување не запише семестар;
- е исклучен;
- не ги заврши студиите во рокот утврден со закон и со Статутот на Универзитетот;
- во други случаи утврдени со закон и актите на Универзитетот, студиската програма и овие Правила.

Статусот од став 1 на овој член може да биде обновен, по што студентот ги продолжува студиите на студиската програма која во таа учебна година се применува.

Студентот кој сака да го обнови статусот на студент поднесува барање до деканот, кој одлучува со донесување на решение.

Доколку е изменета студиската програма која студентот првично ја запишал, тој е должен да ги ислуша, како и да ги исполни и да ги полага разликите во предметните програми кои се дадени во новата студиска програма што ја запишува.

Студентот на кој му е обновен статусот на студент ги продолжува студиите со поднесување на трошоците за студирање (кофинансирање).

***Престанок на дадена студиска програма и премин на нова***

**Член 64**

Студентите од прв и втор циклус студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите, критериумите и правилата на студиската програма на која се запишале најдолго во времето што е двапати подолго од пропишаното траење на студиите.

Факултетот организира настава по предметите од изменетите студиски програми во двојно траење од академската година кога се воведени новите студиски програми.

## XVI. ЗАВРШУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Член 65**

Студентот ги завршил студиите по електротехника и информациски технологии на соодветните студиски програми од прв циклус студии кога ќе ги исполни сите обврски и ќе ги положи сите испити предвидени со студиската програма и успешно ќе го одбрани дипломскиот труд со што се стекнува со 240 ЕКТС-кредити.

Со завршувањето на студиите од втор циклус студии, студентот се стекнува со дополнителни 60 ЕКТС-кредити, односно се стекнува со најмалку 300 ЕКТС-кредити.

Со завршувањето на студиите од трет циклус студии, студентот се стекнува со дополнителни180 ЕКТС-кредити, односно се стекнува со најмалку 480 ЕКТС-кредити.

**Член 66**

На студентот кој ќе ги изврши сите обврски според студиската програма му се издава уверение за дипломиран/магистриран, уверение со оценки за дипломиран/ магистриран и диплома со содржина пропишана со посебни прописи.

Уверение се издава и за положени испити.

Составен дел на дипломата е додатокот на дипломата (Diploma supplement).

Дипломата и додатокот на дипломата на Универзитетот ги потпишуваат ректорот и деканот и се оверуваат со сув печат на Универзитетот.

Дипломата е јавна исправа.

**Член 67**

Дипломите од првиот и вториот циклус студии ги врачува деканот на промоцијата, која, во принцип, се организира еднаш годишно, на денот на Факултетот.

Дипломите за трет циклус студии ги врачува ректорот на посебни промоции.

## XVII. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА СТУДЕНТИТЕ

**Член 68**

За остварување на правата на студентот одлучува деканот, освен за прашањата за кои поинаку е утврдено со овие правила.

Барањето за остварување на некое свое право студентот го поднесува до деканот, во писмена форма, предадено со соодветна документација.

Деканот одлучува во рок од 5 работни дена од приемот на барањето.

Доколку деканот не одлучи во утврдениот рок, наредниот ден по истекот на рокот студентот има право истото барање да го поднесе до Деканатската управа која е должна да одлучи на првата наредна седница од приемот на барањето.

Против решението на деканот, кога одлучувал деканот, студентот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на решението до Деканатската управа која е должна да одлучи на првата наредна седница од приемот на барањето.

Решението на Деканатската управа е конечно.

Во име и за сметка на студентот, барањата за остварување на некое право може да ги поднесе и друго лице кое поднесува изјава заверена кај нотар дека настапува во име и за сметка на студентот.

По истекот на роковите, студентот не може да ги оствари своите права.

Деканот може да го овласти продеканот за настава или друго лице да одлучува за правата на студентите.

Во случај на отсуство на деканот, него го заменува продеканот за настава за прашањата во врска со заштитата на правата на студентите.

## XVIII. ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ

**Член 69**

Студентите во текот на студирањето мораат да се придржуваат до законот, Статутот и другите акти на Универзитетот, актите на Факултетот и договорот за студирање.

Прекршувањето на еден од актите од став 1 на овој член претставува основ за поведување на дисциплинска одговорност.

Дисциплинската постапка се води пред комисија избрана од Наставно-научниот совет на Факултетот согласно со Статутот на Универзитетот.

## XIX. СТРУЧНА И НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА НА СТУДЕНТИТЕ

**Член 70**

Во текот на студирањето, студентите можат да се вклучат во стручна и научно-истражувачка работа.

**Член 71**

Стручната и научноистражувачката работа студентите ја вршат под водство и надзор на ментор. Ментор може да биде наставник или соработник назначен од наставникот.

Стручната и научноистражувачката работа студентите ја вршат надвор од наставните обврски пропишани во студиската програма.

Резултатите од стручната и научноистражувачката работа на студентот, зависно од оценката на менторот, можат да се објават во научно или стручно списание, да се презентираат на научни или стручни конференции и работилници и друго.

***Наградување на студентите***

**Член 72**

За поттикнување на развојот на науката и истражувачката работа на студентите, Факултетот може да додели годишни награди за најдобрите достигнувања на студентите.

Критериумите и постапките заоделување на награди се утврдуваат со посебна одлука која ја донесува Деканатската управа.

**Член 73**

Студенти кои во текот на студирањето ќе постигнат успех од 9 и над 9, односно заклучно со есенската испитна сесија ги положиле сите предмети од дадената студиска година се наградуваат, и тоа:

- студенти кои завршиле I студиска година и освоиле најмалку 60 ЕКТС-кредити;
- студенти кои завршиле II студиска година и освоиле најмалку 120 ЕКТС-кредити;
- студенти кои завршиле III студиска година и освоиле најмалку 180 ЕКТС-кредити (за студентите од ИКИ освоени најмалку 178 кредити).

Факултетот на промоцијата на дипломираните студенти ги наградува и дипломираните студенти кои постигнале вкупен просек во текот на студирањето од 9 и над 9, од генерацијата што се промовира.

## XX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 74**

За сé што не е предвидено со овие Правила се применуваат одредбите од законот, Статутот и другите акти на Универзитетот, како и актите на Факултетот.

**Член 75**

Овие Правила влегуваат во сила со денот на објавувањето во *Универзитетскиот гласник*.

**Член 76**

Со денот на влегувањето во сила на овие Правила престануваат да важат Правилата за студирање на додипломски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии (пречистен текст) од 16.1.2008 год.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Миле Станковски с.р.**